25 ГОДИНИ

www.ujp.gov.mk










# ПРИХОДИ
# ПРЕДИЗВИЦИ
# ПАРТНЕРИ

ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА!

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Северна Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 07.11.2019 година

Уредници: Мухедин Авдиќ, Севдие Исмаили и Анета Чупеска - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Приходи Предизвици Партнери

ISBN: 978-608-4866-07-7
Бр: 08-6841/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/74

**2019 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА


ВОВЕД....4

ВРЕДНОСТИ....6

МИСИЈА И ВИЗИЈА....7

РАЗВОЈ И НОВИТЕТИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ....8

НАПЛАТА НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ПО ГОДИНИ....24

# ВОВЕД

Денес оваа институција со гордост може да каже дека е модерна и транспаретна даночна управа, со клиентски ориентиран пристап кон даночните обврзници, што подразбира градење партнерски однос со секој даночен обврзник и обезбедување висок квалитет на услуги. Управата за јавни приходи како институција надлежна е за утврдување, наплата и контрола на даноците во Република Северна Македонија, во која даночните службеници кои работат се свесни за тоа дека мора да бидат достојни на она чии наследници се.

Во изминатиов период, стратешката цел на Управата за јавни приходи е унапредување, модернизација, имплементирање на нови и поквалитетни даночни услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските, следење на позитивните практики од европските даночни институции, подобрување на даночната клима и даночната култура во земјата.

*Но овде не запира нашиот развој и нашата реорганизација!*

Институцијата која беше позната само во бизнис круговите, бидејќи во најголем дел ним им се обраќаше, ги следеше нивните даночни обврски, го контролираше нивното даночно и финансиско работење, се′ повеќе го проширува своето работење и им се обраќа на сите граѓани.......

Следејќи ги тенденциите на нашиот натамошен развој во поглед на надлежностите кои ги имаме или ќе ги стекнеме во иднина, ние сме обврзани да бидеме мобилни и да ги прифаќаме брзо потребите за промени и да го ориентираме нашето работење кон сите граѓани, без разлика дали се правно организирани или настапуваат како поединци,





што неминовно ќе не доведе пред нови одлуки, како за нашето организирање, така за нашите нови активности.

Пред Управата се нови развојни концепти и реформски процеси кои треба во целост да го сменат досегашниот начин на работа и да ја сменат перцепцијата за даночната администрација, но и дополнително ќе помогнат во јакнење на стопанството и бизнис климата. Продолжуваме со градење на односи на ефикасна и ефективна соработка во меѓународни рамки, односно давање меѓународна правна помош во даночни предмети и меѓународна размена на информации.

Подготвени сме да се соочиме со секој предизвик, без разлика која е тежината, но свесни сме и за тоа колку повеќе чекориме напред, прогресот ќе биде значително поголем и потребен.





## ВРЕДНОСТИ

**Професионалност** која обезбедува законски, објективен, ефикасен, едноставен и еднаков однос кон сите даночни обврзници и користење на податоците за даночните обврзници само за целите во надлежност на УЈП.

**Услужност** која на даночните обврзници им обезбедува брз и лесен пристап до информациите кои им се потребни за навремено и законско исполнување на даночните обврски.

**Грижа за човечкиот капитал** преку промовирање и поттикнување на лидерството, објективно вреднување на вештините и на знаењето, но и на времето и вложениот труд на вработените.

**Управување и раководење** врз основа на внатрешните и надворешните потреби на корисниците на услугите (ИСО 9001:2008 системот за квалитет) и утврдените ризици во сите сфери на работењето во институцијата.

**Борба против корупцијата и неплаќачите на данок** раководејќи се од основните уставни права дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Стратешките цели на Управата за јавни приходи се одраз на процесот на модернизација и заложбите за подобрување на услугите кон даночните обврзници, зајакнување на административните капацитети на даночната администрација и приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија.



## МИСИЈА

Управата за јавни приходи да обезбеди висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

## ВИЗИЈА

Управата за јавни приходи да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики и стандардите за квалитет.







## РАЗВОЈОТ И НОВИТЕТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ВО ИЗМИНАТИТЕ 25 ГОДИНИ

Со донесувањето на Законот за Управата за јавни приходи започна да функционира Управата за јавни приходи (УЈП) како институција надлежна за утврдување, наплата и контрола на даноците за сите даночни обврзници.

Со примената на Законот за Управата за јавни приходи, Управата за јавни приходи ги презема вработените од Службата на општествено книговодство кои работат на контрола, а Републичката управа за приходи и подрачните органи - одделенија за даноци и одделенијата за инспекција, продолжуваат со работа како Управа за јавни приходи со делокругот утврден со Законот за Управата за јавни приходи.

**Првата реформа на даночниот систем** започна со донесувањето на законите:
Закон за персонален данок на доход
Законот за данокот на добивка
Законот за даноците на имот
Законот за акцизите

Заради зголемување на наплатата на акцизата за тутунски производи и алкохолни пијалоци беа воведени **контролни маркици за означување на тутунски и на алкохолни производи** согласно Законот за акцизи, по што следеше воспоставување на нов систем на оданочување на добрата подложни на акциза.

Во Управата за јавни приходи се воспостави првиот **Даночен Информационен Систем (ДАНИС)**. ДАНИС кој значеше креирање на Регистар на даночни обврзници (матична евиденција) и воведување

на електронски евиденции за даночните обврзници, апликативните решенија за комунална такса, данок на имот, персонален данок од приходи од имот, персонален данок од земјоделска дејност, даночно книговодство, ДДВ, Акцизи, Контролни маркици и други, кои се воведуваа паралелно со новите надлежности на Управата за јавни приходи, а согласно правната регулатива.

Во насока на остварување на подобри резултати во работењето, како и овозможување на ефикасни и брзи услуги кон даночните обврзници, Управата за јавни приходи се приклучи како **Полноправна членка на Интра-европската организација на даночните администрации (IOTA)**.

Се замени данокот на промет на производи и услуги со новата **Даночна реформа** со која за прв пат се воведе во примена **Данокот на додадена вредност** како општ потрошувачки данок кој се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор.

Со донесувањето на Законот за утврдување и наплата на јавни приходи, се изврши реорганизација на Управата за јавни приходи со воведување на **Регионални дирекции и Даночни одделенија**, односно централизирање на администрирањето на даночните обврзници - правни лица на регионално ниво, додека администрирањето на физички лица (граѓани и СВД) остана децентрализирано на ниво на Даночни одделенија.

Со цел да се подобри работењето во Управата за јавни приходи преку давање препораки за остварување на целите, проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето е формирана **Современа единица за внатрешна ревизија**.

Како мерка за спречување на сивата економија и даночната евазија но и како мерка за спречување на коруптивно однесување се отвори **бесплатна телефонска линија 198**.

Со донесувањето на Законот за Управата за јавни приходи, **се додефинира правната рамка која го одредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП**.

Се донесе **Законот за даночна постапка**, според кој неопходни беа соодветни прилагодувања на материјалните закони во надлежност на Управата за јавни приходи. Со законот, се пропиша општото даночно право и даночната управна постапка, постапката на утврдување на данокот, на контрола, на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Заради подобрување на наплатата на даноците и подобрување на климата за инвестирање во земјата основана е **Дирекцијата за големи даночни обврзници (ДГДО)** по препорака на Меѓународниот Монетарен Фонд. Дирекцијата работи со највисоки стандарди и дава оптимални услуги на големите даночни обврзници.

Со цел подобрување на услугите кон даночните обврзници и поголема информираност на даночните обврзници од областа на даноците и заради идентификација на секој даночен обврзник во даночна постапка, се воведоа нови услуги во Управата за јавни приходи **Електронско поднесување на даночните пријави за големите даночни обврзници**

**преку системот е-Даноци, Советодавни услуги** во просториите на УЈП и кај даночните обврзници како и доделување на **Единствениот даночен број (ЕДБ) преку едношалтерскиот систем на Централниот регистар во рок од 90 минути**.

**Даночна реформа / Воведување на рамна даночна стапка од 12 % кај персоналниот данок на доход и данокот на добивка**.

**Проект ЕУ КАФАО МАК со експерти од Финска** - Со преставници од ЕУ КАФАО МАК се реализира проектот **развој на услугите за Контакт центар, осмислување на база на знаење**.

Одржана **Првата конференција на даночните управи на Балканските држави во Скопје** со цел за размена на знаења и искуства организирана од Управата за јавни приходи.

**Даночна реформа / Воведување на рамна даночна стапка од 10 % кај персоналниот данок на доход и данокот на добивка**.

Управата за јавни приходи во соработка со Меѓународен монетарен фонд (ММФ) имплементираше и разви услуги кон мали и средни претпријатија преку **Проектот за модернизација на УЈП со експерт од ММФ**.
Во соработка со ММФ, 500 правни субјекти од различни бранши, се анкетираа за задовоството на даночните обврзници од работењето на УЈП.

**Развој на услугата постави прашање до УЈП** - воведен е нов канал за комуникација info.centar@ujp.gov.mk со цел да се олесни пристапот до УЈП за поставување на прашања од даночната сфера и брз одговор на Управата за јавни приходи.

Со цел подобрување на услугите кон даночните обврзници се воведе и **Електронско поднесување на даночни пријави за средни и мали даночни обврзници преку системот е-Даноци**.

**Проект Граѓански дневник** - придонесе кон подобрување на квалитетот на јавните услуги преку дефинирање на начинот и стандардите во давањето на услугите, вклучувајќи го видот на услугите, рокот, како и системот на коментари, жалби и поплаки, како и подобрување на односите помеѓу администрацијата и граѓаните со цел да се обезбеди задоволство кај граѓаните со работата на органите на државната управа.

**Граѓанинот пред се** – преку проектот се овозможи непосредна комуникација и помош при користење на услугите од државната администрација заради зголемување на квалитетот при давање на услугите.

Управата за јавни приходи, започна со доделување на **Златна картица** за поврат на ДДВ на 37 компании, кои исполнија одредени критериуми.

Вработените во УЈП се стекнаа со статус **Даночни службеници** со што се издига на висок степен одговорноста на даночниците во исполнување на основната функција на УЈП - утврдување и наплата на јавните приходи.

Се воведе **концепт Бруто плата** со кој УЈП е надлежна за утврдување и наплата на придонесите од задолжително социјално осигурување, со доставување Месечна пресметка за интегрирана наплата (МПИН) од страна на даночните обврзници.

Заради уредување на правата, обврските и одговорностите на работодавачот и вработените **се потпиша Првиот Колективен договор на Управата за јавни приходи**.

Нова **WEB страница на УЈП** www.ujp.gov.mk - заради градење на партнерски однос со даночните обврзници и подобра услуга "*информирање на даночните обврзници*".

Отворен првиот **Контакт Центарот на Управата за јавни приходи**. Контакт центарот е современ систем за давање на услуги на обврзници кој што нуди оптимална комбинација на комуникациски канали и развојни решенија за поддршка на нови методи за давање на даночни услуги.

Со цел да се добие целосна слика за профилот на даночниот обврзник и неговото однесување имплементирана е програма **Карактеристики на даночни обврзници** - која што обезбедува основни и специфични информации за еден даночен обврзник.

Формирана е **Единица за професионални стандарди** која се грижи за интегритетот на вработените дефиниран во Етичкиот кодекс на УЈП, сузбивање на коруптивните дејствија, следење на сознанијата добиени за непрофесионално однесување на вработени лица во УЈП преку бесплатната телефонска линија 198 и други претставки и службени сознанија.

Управата за јавни приходи ја користи **Програмата Fiscalis 2013 на Европската Комисија**.

**Децентрализација на услугите - Отварање на даночни шалтери во рамките на општините** - Основна цел на новата организација на УЈП - подигнување на ефикасноста на институцијата преку централизација на некои функции, како што е функцијата за прием и обработка на даночни пријави и планирањето на надворешната контрола, и во исто време

децентрализација на функцијата "услуги на даночни обврзници" преку организирање на даночни шалтери во сите општини каде што не постои друга организациска форма на УЈП.

Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) вработените им излегуваат во пресрет на барањата на граѓаните со упатување на конкретната служба или институција без разлика дали се на вистинското место или не преку проектот **Нема погрешна врата**.

ИТ апликативно решение **Торба со алатки** - со која се воведе единствено постапување при вршење на надворешни контроли, преку можноста за системска анализа на факторите на ризик како и до сите потребни информации за одредена контрола кои може да се добијат во печатена и електронска форма.

**Се развија критериуми за ризик за ДДВ** - кај средни и мали даночни обврзници и новорегистрирани даночни обврзници со цел генерирање на листа на ризични даночни обврзници кои би биле предмет на контрола.

Нова услуга **Отворена е бесплатна телефонска инфо линијата 0800 33 000** преку која даночните обврзници може да се информираат за даночните права и обврски.

Управата за јавни приходи учествуваше на Саем за финансии, деловни можности и економски развој **ФИНЕКСПО 2010**, кој на едно место ги собира сите релевантни фактори од финансискиот сектор и бизнис заедницата во Македонија.
УЈП имаше можност за претставување, афирмација и директен контакт со пошироката јавност преку штандот на кој беше достапен информативен материјал, стручна помош, консултации во врска со сите прашања од сферата на даночната политика.

Се разви **базата на знаење** со прашања и одговори од областа на даноците (ДДВ, ПДД и ДД), достапна само за вработените.

Со цел елиминирање на неинформираноста на младите за потребата од плаќање на даноците, како и нивно запознавање со основните права и граѓански должности кои ги имаат како даночни обврзници започна да се спроведува Проект **Фискална едукација на младите** во средните училишта низ цела Македонија.

**Реформа на даночната администрација** – во делот на истрагите и борба против даночна евазија - Управата за јавни приходи во соработка со Австриската даночна администрација размени искуства во борбата против даночните евазии.

Формирана **Даночна академија** - како посебна организациона единица во Управата за јавни приходи. Преку Даночната академија се организираат обуки за едукација на вработените во УЈП, за останати вработени во државната администрација кои соработуваат директно со Управата (Царинската Управа, Судии и обвинители) и за даночни обврзници организирани преку нивните Стопански комори.

Отворен **Центар за складирање и впаричување на запленети движни ствари** во Неготино, кој што овозможува складирање, чување и проценка на запленетите движни ствари на едно место.

Македонија се приклучи на Глобалниот форум за транспарентност **и стана 97-мата членка на Глобалниот Форум на ОЕЦД** преку која Управата за јавни приходи започна да ги следи ОЕЦД стандардите за размена на информации помеѓу даночните органи согласно меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, со цел нивна имплементација во оперативното работење на даночната администрација.

Нова електронска услуга **е-Аукции** на запленети движни добра и недвижности во постапка на присилна наплата на даноци и други јавни давачки. Електронската јавна аукција нуди предности не само за УЈП, туку најважно и за даночните должници и учесници на јавните аукции преку порталот http://e - aukcii.ujp.gov.mk

Формиран е **Центарот за наплата на глоби и други јавни приходи**, со кој Управата за јавни приходи доби нови надлежности за наплата на радиодифузната такса и за присилна наплата на парични казни, глоби и трошоци.

Проект **Оцени ја Администрацијата-Семафор** - Граѓаните ги оценуваа службениците во администрацијата за нивната работа.

Заради подобрување на услугите кон даночните обврзници се разви нова услуга **Електронско поднесување на даночните пријави и за физички лица преку системот е-Даноци** https://etax-fl.ujp.gov.mk

Поаѓајќи од слоганот **„Вработениот треба прв да знае“**, воведен е **ИНТРАНЕТ** http://Intranet/, чија цел е подобрување на системот на интерна комуникација помеѓу вработените во УЈП, овозможување на брз, лесен и отворен пристап до потребните интерни содржини, а во насока на навремено информирање, единствено постапување на вработените и намалување на трошоците на интерната комуникација.
Формиран е **Центарот за обработка на пријавите (ЦОП)** - централизирање на приемот и обработката на сите даночни пријави за сите регионални дирекции.





Започнаа со работа **Мобилните даночни шалтери** кои ги посетуваат населените места и ги даваат даночните услуги – подигнување на сите видови на даночни пријави, достава на сите документи што ги издава Управата за јавни приходи.

Издаден е **Прирачник за примена на даночните прописи во Македонија** во соработка со ЈП Службен весник на РМ, кој претставува збирка на интегрални-редакциски пречистени текстови на Законот за данок на добивка, Законот за данокот на додадена вредност и Законот за персоналниот данок на доход, вклучувајќи и водич за нивна правилна примена со објаснувања и практични примери.

**Воведена е е-Архива** - скенирање на тековните ДДВ пријави, нивно вчитување во базата на УЈП и архивирање на ДМС серверот, истовремено со скенирање и архивирање на ДДВ пријавите од предходни години.

Имплементиран **Надзорен информативен систем (НИС)** за следење на прометот кај приредувачите на посебните игри на среќа. НИС претставува ИТ решение кое централно ги регистрира уплатите и исплатите од игрите на среќа во сите деловни единици на приредувачот и кое е on-line поврзано со информацискиот систем на УЈП.

**Се олеснија постапките за поврат на ДДВ од увоз на стока** - Царинската управа и УЈП воспоставија електронска размена на податоци, односно, можност за следење на податоците за платен или одложен ДДВ при увоз на добра од тековните системи на Царинската управа. Со ваквото поедноставување на постапките им се помага на даночните обврзници докажувањето на статусот на наплата на ДДВ во постапките за одобрување на ДДВ повратот.





Донесен е „**Кодексот на однесување на вработените во УЈП**"

На манифестацијата **„Сајт на годината 2014"**, веб-страницата на УЈП www.ujp.gov.mk го освои третото место во категоријата на најдобар сајт за владини/државни институции.

Нова услуга **Електронско поднесување на барање и достава на уверенија/потврди преку е-Даноци** со која даночните обврзници (правни лица, СВД и граѓани) можат побрзо да го добијат бараното уверение и потврда, односно наместо лично на шалтерите во УЈП, фирмите и граѓаните регистрирани на системот е-Даноци можат барањето да го поднесат електронски преку https://etax-fl.ujp.gov.mk и УЈП електронски да им го издаде Уверението/Потврдата преку е-Даноци.

Се воведоа **фискални апарати со ГПРС уред** со кои се даде можност за следење на готовинските плаќања и прометот во реално време (on-line) и добивање на финансиски извештаи од секој регистриран фискален апарат со ГПРС уред.

Со учеството во Проектот **Барометар на квалитет** – во кој се врши рангирање на институциите согласно добиените резултати од самоевалуацијата со примена на методологија за стандардизирано мерење на квалитетот, со одлука на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет Управата за јавни приходи го освои 2-то место.

Управата за јавни приходи започна да објавува **листа на должници** на доспеани и неплатени долгови по основ на даноци и царини, согласно Законот за даночна постапка.

Управата за јавни приходи е вклучена во Проектот **Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам- (модел на Светска банка за национална проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам)** кој претставува процес со кој се проценуваат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, се анализираат главните извори и фактори на ризик со цел развивање на политики, мерки и алокација на ресурсите врз основа на проценетиот ризик заради отстранување, намалување и ублажување на утврдените ризици.

Се изготви нова услуга **е-Промена на податоци за граѓани** со која секој граѓанин со ПИНКОД, кој е задолжителен за идентификација во УЈП, ќе може да изврши промена на адресните податоци, телефонскиот број и е-пошта кои се водат во Регистарот на даночни обврзници на УЈП со телефонско јавување на бесплатната инфо линија 0800 33 000.

Се овозможи од страна на Управата за јавни приходи **Регистрација на физички лица, обврзници за плаќање на персонален данок на доход, без употреба на дигитален сертификат**. На овие лица им е овозможен увид во состојбата за даночни евиденции за персонален данок на доход за физички лица, преглед на неплатени долгови по истиот основ и он-лајн услуга за плаќање на персоналниот данок на доход преку виртуелен ПОС терминал со користење на платежни картици.

Управата за јавни приходи воведе нова услуга **е-Потсетник** – која подразбира доставување на автоматски потсетници преку е-пошта за пријавување и за плаќање на даночните обврски.

Преку поставување на линковите кон електронското банкарство на деловни банки се врши **електронско плаќање на даноци и радиодифузна такса од трансакциска сметка за правни и физички лица**.

Воведен **Електронски сервис преку е-Даноци** https://etax-fl.ujp.gov.mk со цел државните институции во име на деловните субјекти и физичките лица да имаат можност барањето да го поднесат по службена должност и Управата електронски да го издаде Уверението / Потврдата.

Се реализираше твининг проект **Подобрување на услугите на УЈП кон даночните обврзници** имплементиран во соработка со Шпанската даночна администрација (AEAT). Придобивките од овој проект се состојат од повеќе изготвени документи и извршени обуки на вработените кои доведоа до структурна промена на функцијата.

За давање навремени и квалитетни услуги на обврзниците во рамките на Регионална дирекција Скопје се отвори **модерен Контакт центар/ Повикувачки центар**. Услугите што ги дава Контакт центарот ги јакнат довербата, кредибилитетот и угледот на Управата за јавни приходи во очите на јавноста, а притоа одговораат на потребите на обврзниците, и на потребите на даночната администрација.

Се прошири 198 линија со **Електронското пријавување на неправилности** во соработката со Министерството за информатичко општество.

Управата за јавни приходи отвори **официјален YouTube канал на Управата за јавни приходи** https://www.youtube.com/c/ujpgovmk - со цел подобрување на комуникацијата на УЈП со јавноста, посебно целните групи кои ги користат социјалните мрежи, но и развој на интернет комуникација и примена на нови канали за интеракција со различни типови на публика. Каналот овозможува преглед на видео материјали од позначајни настани кои ги има организирано УЈП, промоција на нови услуги и проекти, интервјуа на висок менаџмент и даночни експерти, интерактивни упатства за пополнување на пријави и сл.



Нова услуга **Информа** - прашања и одговори од областа на даночната регулатива (ДДВ, ДД, ПДД, регистрација, фискализација, МПИН, придонеси, е-даноци) достапна до сите вработени во УЈП преку Интранет страната и преку Интернет за даночните обврзници.

Се изработи нова **веб страница на Контакт центар** на УЈП kontaktcentar.ujp.gov.mk кој овозможува преглед и пристап до сите услуги на Контакт центарот и кој обезбедува даночни информации за вработените и за даночните обврзници.

Нова услуга **Систем на чекање** - наменет за даночни обврзници кои поднесуваат поднесоци во хартиена форма и за обврзници кои имаат потреба да остварат средба и контакт со даночни службеници во Контакт центарот и во Регионална дирекција Скопје.

Со проектот на Управата за јавни приходи "**Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за физички лица**" финансиран од ИПА фондовите се воведе нов **Електронски систем за персонален данок е-ПДД** https://e-pdd.ujp.gov.mk, кој овозможува доставување и обработка на податоците по електронски пат и едновремена исплата на приход и персонален данок, за сите видови на приходи со исклучок за бруто платите.

Управата за јавни приходи склучи **Меморандум за соработка со Сојузот на Стопански комори на Македонија** со кој се потврдува заложбата на двете институции за зголемено делување во борбата против сивата економија, регулирање на работата на црно на пазарот на трудот, унапредување на соработката помеѓу даночните обврзници и Управата како и заедничко планирање и организирање на семинири, трибини, бизнис форуми.







Во насока на унапредување на меѓусебната соработка во согласност со важечките закони и регулативи на даночните администрации се склучи **Меморандум за соработка со даночната администрација на Република Косово и даночната администрација на Црна Гора**.

Се воведе нова услуга **Закажување на средба** - Секој даночен обврзник кој има потреба од информации или помош за тоа како да плати данок, да побара консултација во врска со даночната регулатива или некоја друга услуга од УЈП, мора претходно да закаже средба со даночен агент. Услугата е достапна само во Регионалната дирекција Скопје.

Македонија **стана 117 земја која се придружи на БЕПС Инклузивната рамка**, преку која Управата за јавни приходи врши размена на даночни информации со странски даночни органи, со што придонесува за развој на системот на заемна размена на информации согласно ЕУ Регулатива.

Со проектот **Кориснички ориентирана околина** - се подобри квалитетиот и пристапот до услугите во даночните канцеларии, грижа за околината со пристап прилагоден за лицата кои имаат одреден вид и степен на попреченост.

**Изготвени Пополнети Годишни даночни пријави од Управата за јавни приходи** - со што се постигна подобрување на услугите кон даночните обврзници, поголема сигурност кај даночните обврзници дека целосно ги пријавиле своите приходи како и подобар имиџ за Управата, кој е резултат на персонализираните даночни услуги за даночните обврзници.

**Даночна реформа / Воведување на прогресивно оданочување за одделни видови на доход од 10% и 18%**



Со проект **Мој ДДВ** Управата за јавни приходи нуди можност корисниците кои се регистрирани на системот е-ПДД, да го скенираат баркодот од фискалните сметки и да го остварат правото на поврат на 15% од износот на платениот данок на додадена вредност.

Со проектот **Систем за процена на ризик (СПР) за даночна контрола** се подобри процесот на анализа на ризик во надворешна контрола.
Тој претставува системски структуриран процес кој овозможува идентификација, процена, рангирање и квантификација на ризиците од областа на даночната контрола, односно имплементирани правила врз основа на кои се генерира листа на ризични обврзници за контрола.

Преку автоматизација на процесот на анализа на ризик се обезбедува објективна селекција на даночни обврзници за контрола и значително се намалува човечкиот фактор, а со тоа и субјективноста во процесот на селекција.







## НАПЛАТА НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ПО ГОДИНИ

| Година | **Наплата на јавни давачки**<br>** Наплатата во 2019 година се однесува за период јануари-август 2019* | **Вид на наплатени даноци и придонеси**<br>** Вид на наплатени даноци и придонеси* |
|---|---|---|
| **1998** | 29,970,000,000 | ДД,ПДД, ДФТ, ДП |
| **1999** | 33,425,000,000 | ДД,ПДД, ДФТ, ДП |
| **2000** | 42,068,000,000 | ДД, ПДД, ДП, ДДВ, ДФТ |
| **2001** | 41,177,000,000 | ДД,ПДД, ДДВ, АК, ДФТ |
| **2002** | 47,709,000,000 | ДД,ПДД, ДДВ, АК, ДФТ |
| **2003** | 42,545,000,000 | ДД,ПДД, ДДВ, АК, ДФТ |
| **2004** | 46,162,000,000 | ДД,ПДД, ДДВ, АК |
| **2005** | 49,107,000,000 | ДД,ПДД, ДДВ, АК |
| **2006** | 51,875,617,447 | ДД,ПДД, ДДВ, АК |
| **2007** | 60,333,226,455 | ДД,ПДД, ДДВ, АК |
| **2008** | 67,006,188,224 | ДД,ПДД, ДДВ, АК |
| **2009** | 110,743,856,788 | ДД, ПДД, ДДВ, АК, ПРИДОНЕСИ |
| **2010** | 96,023,263,446 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2011** | 101,007,690,252 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2012** | 97,969,257,019 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2013** | 104,819,091,303 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2014** | 113,591,131,301 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2015** | 122,957,584,920 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2016** | 130,243,876,237 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2017** | 136,565,236,470 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2018** | 148,395,282,351 | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |
| **2019** | 127,459,149,279<br>**износ на наплатата се однесува за период јануари-октомври 2019* | ДД, ПДД, ДДВ, ПРИДОНЕСИ |

- *ДД - Данок на добивка*
- *ПДД - Персонални данок на доход*
- *ДП - Данок на промет*
- *ДДВ – Данок на додадена вредност*
- *АК - Акциза*
- *ДФТ – Данок на финансиски трансакции*
- *Придонеси – Придонеси од плата*



ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА!

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27, 1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а, 1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. "Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057








www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax-fl.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk


Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ISBN: 978-608-4866-07-7